РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМС УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-18
08.08.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: Трговско радиодифузно друштво телевизија КОБРА ДОО Радовиш**

**За:** .

**Предмет: Известување за пристигната Претставка**

Почитувани,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е поднесена Претставка од физичко лице (наш бр. УПП 03-18 од 31.07.2025 година), во која е наведено дека ТВ Кобра не ги исполнува условите утврдени во дозволата за вршење радиодифузна дејност. Агенцијата изврши увид во Вашата програма емитувана на 1 и на 2 август 2025 година, при што беше констатирано дека не постојат индиции за отстапување од утврдениот програмски концепт.

Сепак, Ве потсетуваме дека, согласно дозволата, ТРД КОБРА ДОО Радовиш е телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат. Овој формат подразбира емитување програмски содржини кои ги исполнуваат сите три медиумски функции – информативна, образовна и забавна – при што, во текот на една седмица, функцијата што претежно се исполнува, во овој случај забавната функција, не смее да биде застапена со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% од програмата.

Повеќе детали во врска со поднесената Претставка и за одговорот на Агенцијата се достапни на веб страницата на Агенцијата - www.avmu.mk.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**По овластување на директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**